РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА КОНСУЛТАЦИЈА ЗА ИЗВЕШТАЈ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ И ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ПРОЕКТ “РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1106, ДЕЛНИЦА ЈУРУМЛЕРИ - ДРАЧЕВО ”

Јавното претпријатие за државни патишта ја известува засегнатата јавност дека планира да реализира Проект за “Рехабилитација на регионален пат Р1106, делница Јурумлери - Драчево ” во должина од 5 км.

Финансирањето на овој проект е обезбедено со средства од меѓународни финансиски институции (Светска Банка), според чии барања во делот на заштита на животната средина и социјалните аспекти, во фазата на подготовка на Извештај за процена на животна средина и социјални аспекти и План за управување со животната средина и Механизам за жалби и поплаки, потребно е да се организира јавна консултација со засегнатите страни и локалното население на населените места долж делницата.
Извештај за процена на животна средина и социјални аспекти и План за управување со животната средина е достапен на увид во просториите на ЈП за државни патишта и во општината Аеродром како и на официјалната веб страница на ЈП за државни патишта www.roads.org.mk .

**Јавната консултација за Извештај за процена на животна средина и социјални аспекти ,План за управување со животната средина и Механизам за жалби и поплаки за наведените проекти, во делот на заштита на животната средина и социјалните аспекти ќе се одржи во:**
**Месната Заедница Долно Лисиче на 29.05.2019 година (среда) со почеток во 11 часот.**

Лица за контакт:

Јавно претпријатие за државни патишта
Сашка Богданова Ајцева
Тел: 02/3118 044 лок.305
E-mail: saska@roads.org.mk

Општина Аеродром
Маја Манчевска
Моб: 076 453 349
E-mail: odnosi.so.javnost@aerodrom.gov.mk